## Главната улица темелно ќе биде обновена

Проектот е избран како приоритет од граѓаните, а инвестицијата од 4 милиони денари ја обезбедуваат Швајцарската агенција за развој и локалната самоуправа

Најкритичниот дел од главната улица во Крива Паланка, на локалитетот кај Старата чаршија, конечно ќе биде реконструиран, со што ќе се заврши обновувањето и уредувањето на делницата во централното градско подрачје. Овој проект се реализира како дел од програмата „Форуми во заедницата“, со финансиска поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка. Самите граѓани на Крива Паланка одбраа со парите од програмата да биде изградена улицата, како најприоритетен проект за општо добро.

Извор: Дневник (17.09.2012)